


## ДОКУМЕНТАРНИОТ ФИЛМ „ЕТНОГЕНЕТСКИТЕ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ И БУГАРИТЕ“ ОБЈАВЕН И НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК!

***Александар Донски***

Деновиве на Јутуб е објавена англиската верзија од документарниот филм „ЕТНОГЕНЕТСКИТЕ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ И БУГАРИТЕ“ чиј комплетен автор (сценарио и режија) е Александар Донски. Продуцент на филмот е Џим Стефановски од Сиднеј, а ко-продуценти и главни финансиери се Андрија Петревски и Горан Котев исто така од Сиднеј. Филмот е финансиран и од други македонски патриоти чии имиња се спомнати во одјавната шпица. Преводот на сценариото од македонски на англиски бесплатно го направи Драги Стојковски, кој е поранешен и сегашен претседател на најстарата активна македонска иселеничка организација „Обединети Македонци“ од Канада, која го финансираше титлувањето на англиски. Филмот со англиски титлови може да се види на:

https://www.youtube.com/watch?v=mpQqRXAmdNI&feature=youtu.be

Целта на творците на овој филм е истиот а дојде до што поголем број поединци и институции од англиското говорно подрачје. За таа цел, линкот од филмот ќе биде испратен на сите евро-парламентарци поединечно, но и на други странски политичари, медиуми и универзитети. Поради тоа се бараат доброволци кои сакаат да помогнат во оваа патриотска акција, кои можат да контактираат со Драги Стојковски од ООМ на е-маил:

dragistojkovski55@gmail.com

преку нивната веб-страница:

http://unitedmacedonians.org/ или преку фејсбук.